ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 02 април 2014 година

# СООПШТЕНИЕ

**ВО ВРСКА СО ЕЛЕКТРОНСКИОТ НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА И БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, КОЈА НЕ Е ПО ДСГ МЕТОДА, И ИЗДАДЕНИ ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ПРЕКУ ВЕБ ПОРТАЛОТ НА ФОНДОТ**

На почетокот на 2014 година како новина во работењето, Фондот за здравствено осигурување на Македонија го воведе web-порталот за електронски начин на доставување на фактури за извршени здравствени услуги од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита (која не се искажува по ДСГ методата) како и за издадени лекови на рецепт во аптеките кои имаат склучено договор со Фондот.

Имајќи во предвид дека со електронскиот начин на фактурирање на извршените здравствените услуги и издадени лекови на рецепт, преку веб порталот на Фондот, во системот се евидентирани сите потребни податоци и директно се креира спецификацијата поодделно за сите осигурени лица за месецот за кој се фактурираат извршените услуги, односно издадените лекови на рецепт, Фондот согледа дека повеќе нема потреба од доставување на спецификација во печатена форма.

Во таа смисла, **Фондот ги известува здравствените установи и аптеките кои имаат склучено договор со Фондот дека започнувајќи од месец февруари, при доставување на фактурата во печатена форма во подрачните служби на Фондот, не треба да доставуваат спецификација во печатена форма**.